*Александар Апостолов*

# КОЛОНИЗАЦИЈАТА ВО СОСТАВОТ НА АГРАРНАТА РЕФОРМА ВО СТАРА ЈУГОСЛАВИЈА НА ТЕРИТОРИЈАТА НА НРМ*)

Дисертацијата е поделена на четири дела. Во првата глава од првиот дел „Првите почетоци на колонизацијата во Македонија во составот на националната пропаганда на Србија" се изнесува накусо политичката активност на пропагандите на соседните држави во Македонија а особено на српската пропаганда. Своите аспирации кон Макееонија овие држави ги правдаа со средновековните владеења што секоја од нив повремено ги имала во Македонија. Меѓу средствата на пропагандите, како особено ефикасно се покажало населување на семејства од соседните држави во поголемите центри на Македонија. Прв предлог за населување српски семејства во Скопје дал референтот за српските работи Владимир Кариќ. Тој, во 1889 година, предложил да се испратат во Македонија претставници на попознатите трговски куќи и фабрики од Србија, како и лица од други професии и занаети кои со своите семејства би создале населби во сите поголеми места. Веднаш во 1890 и 1891 година биле испратени учители, занаетчии, лекар и луѓе од други професии кои се покажале многу активни и корисни за српската национална пропаганда. Оттогаш почнува мислата за колонизација на Македонија која ќе се реализира подоцна во поповолни услови. Во преминот на XX век почнала и економска ориентација на Србија преку Македонија кон Егејското Море, особено во Царинската војна со Австроунгарија (1906—1910).

Втората глава од првиот дел, што носи наслов „Припреми за колонизација на Македонија во врска со Уредбата за населување од 20-II-1914 година на Кралството Србија" ја опфаќа првата акција на српските власти за колонизирање на Вардарска Македонија којашто ѝ припаднала на Србија според решенијата на Букурешкиот мир од 1913 година.Според плановите на српските власти било предвидено да се колонизираат во Македонија 12.000 семејства. Првата светска војна го попречила реализирањето на овој план, но мислата за колонизација на Вардарска Македонија останала и понатаму во големосрпските кругови.

Во делот II, глава I се разгледува „Македонското и аграрното прашање во текот на I Светска војна.".

Макарштo и Македонците учествуваат во војната против Австроунгарија, во составот на српската војска и даваат бројни жртви за одбраната на Србија, монархот и владата српска не го изменуваат својот став спрема Македонија, туку на заседанијата на Крф (1917 г.) остануваат при тоа дека Македонија е составен дел на Србија и како таква треба да биде колонизирана.

---

*) Ова е куса содржина на докторската дисертација на Александар Апостолов „Колонизацијата во составот на аграрната реформа во стара Југославија на територијата на НРМ" (страни 392), одбранета на 2 јуни 1962 година на Филозофскиот факултет во Скопје, пред комисијата во состав: ред. проф. Д-р Стеван Јантолек, вонреден проф. Д-р Андрија Лаиновиќ и вонреден проф. Љубен Лапе.

За изработување на оваа докторска дисертација користена е постојната литература, и воглавно необјавени архивски материјали, како и иследувања од теренот.

И аграрното прашање било предмет на дискусиите меѓу претставниците на Југословенскиот одбор и Српската влада на Крф по прашањето на создавање држава на Србите, Хрватите и Словенците. Народното веќе на Словенците, Хрватите и Србите што се создало пред завршувањето на војната, издало декларација во која се предвидува аграрна реформа што требало да ги ликвидира големите поседи и затечените аграрни односи.

Во втората глава се третираат затечените аграрно-правни односи и почетоците на аграрната реформа во државата СНС; Поседовната структура и аграрните односи во областите што ја сочинуваат новата држава се најразлични, во зависност од тоа кој го владеел пред војната. Затоа, под влијанието на Октомвриската социјалистичка револуција, отпочнува масовно движење на селаните за земја, особено од областите што пред војната биле во состав на Австроунгарија. По примерот на рускиот селанец и овие селани ги делат меѓусебе големите имоти. Од страв пред аграрна револуција, а и да се ускладат аграрните односи на целата територија на Кралството СХС, на 25 февруари 1919 година се донесени „Претходни одредби за припрема на аграрната реформа". Овие одредби се законска основа за спроведување на аграрната реформа во стара Југославија воопшто, и предвидуваат колонизација на Вардарска Македонија.

Во Претходните одредби се предвидува раскинување на сите феудални односи и забрана да се создаваат нови такви. Големите поседи, првенствено своина на Хабзбуршката царска куќа, како и на другите соседни непријателски монархиски куќи и на лица што добиле поседи за сторени услуги на овие непријателски монархии, спрема Претходните одредби, овие поседи се експроприрале и за нив не се давало надоместување. Останатите големи поседи со големина од 100 па до 500 хектари и повеќе, во зависност од приликите во крајот каде се наоѓале и бонитетот на земјиштето, потпаѓале под удар на аграрната реформа, но за нив се плаќало полно надоместување.

Во пракса се покажало дека дел од Одредбите имаат само декларативен карактер, а на ликвидацијата на аграрната реформа се чекало 12 години (1931). За тоа време, наречено провизориј, се вршат најразлични шпекулации, а особено во Македонија, каде разни шпекуланти-неземјоделци, тргуваат со земјата купена за ефтини пари од Турците што се селат за Турција, и по тој начин се збогатуваат.

Во Претходните одредби, во глава VI, се предвидувала внатрешна коллнизација. Преку колонизацијата на Вардарска Македонија требало да се измени етничкиот состав на населението на штета на староседелците.

Во дел III глава I прикажани се субјектите и објектите на колонизацијата, како и целите и органите нејзини. Во неа се истакнува карактерот на колонизацијата, односот на режимите спрема македонскиот народ и улогата што треба да ја одигра колонизацијата при денационализацијата и асимилацијата на македонскиот народ. За субјекти на колонизацијата доаѓале предвид првенствено луѓе доселени од другите краишта на државата и тоа: 1. сиромашни државјани на Југославија кои се занимаваат со земјоделство, 2. доброволци во сите војни скоро за 50 години уназад, 3. државни службеници што се во пограничните појаси, па школи, жандармериски станици, војни гарнизони, агрономи-специјалисти и др. Специјално повластена категорија субјекти биле четниците кои добивале двојно повеќе земја отколку останатите аграрни интересенти. Потоа доаѓаат оптанти и бегалци, а била предвидена и приватна колонизација на која субјекти биле обично неземјоделци кои довеле со себе наемна работна рака за обработување на земјата.

Месното население исто така било предвидено како субјект на колонизацијата, но иако бројот на малоимотните семејства е особено голем, малубројни се примери на нивно оземјување. Инаку во статистичките извештаи на аграрните влсти фигурираат иљади семејства што „добиле" замја, но всушност тие ја „добиле" својата замја што веќе ја имале наследено од прededo или ја имале по пат на купување, но немале определен документ за сопственост, што е разбирливо кога се има предвид каква била турската администрација пред тоа.

Како објекти на колонизацијата се определени:

1. слободна државна земја,
2. општински и селски утрини,
3. пусти и засекогаш напуштени земји и
4. одметнички имоти.

Глава II ги истакнува средствата и целите на колонизацијата. Првостепени цели на колонизацијата се денационализација и асимилација на македонскиот народ. Овие цели јавно се истакнуваат од најмеродавните места за сето време дури се изведувала колонизацијата. Со помошта на инфилтрирани семејства во Македонија од другите краишта на државата требало да се измени етничкиот состав во корист на немакедонски елементи. Кога кон ова ќе се придодадат и чиновничките семејства во државната администрација, во војската, во просветата, како и оние што се доселени во градовите како трговци и занаетчии, сите тие фактори требало да дејствуваат за постигање на горните цели. Во таа смисла е воведен српскохрватскиот јазик и како званичен и како наставен, а печатената реч е исклучиво на тој јазик. Топонимите се изменуваат, а и имињата на новородени деца се даваат пак во духот на горната замисла.

Покрај овие цели, не мала важност имаат и стратегиските цели.

Економските цели со колонизацијата на Вардарска Македонија се на заден план.

Глава III носи наслов „Органи на колонизацијата и ликвидација на аграрната реформа". Во оваа глава се прикажани законските инструменти и, организационата структура на оперативата што ја спроведувала аграрната реформа и колонизацијата.

Постапката при ограничување земја за целите на колонизацијата и техничката страна на расподелба земјата на аграрните интересенти е предмет на глава IV, дел III од дисертацијата.

При ограничувањето и доделувањето земја на колонизацијата се вршат најразлични уцени, своеволија и шпекулации од страна на аграрните власти и претставничките органи.

Во оваа глава се прикажани развојните етапи и резултатите на колонизацијата. Така, од 1919 па скоро до крајот на 1940 година на територијата на Вардарска Македонија се создадени 280 колонии со 4.167 семејства. Според проектите на аграрните власти било предвидено да се населат 50.000 семејстав, но со почетокот на Втората светска војна се запре колонизацијата.

Позитивните резултати на аграрната реформа се огладаат во тоа што се ликвидирани чивчиските и воопшто феудалните односи во новата држава. Така, од 501 чифлик, колку што се затечени по I светска војна во Македонија, 318 се откупени од државата за сметка на чифчиите и колонистите, а другите се ликвидирани по пат на слободно купо-продавање.

Во оваа глава се прикажани и односите меѓу колонистите и месното население Сосема е разбирливо дека при повеќе случаи овие односи не биле коректни. Ова произлегувало оттаму што властите ги фаворизирале колонистите со тоа што им доделувале и до трипати повеќе земја и подобра по квалитет одошто на месните интересенти и што еден дел од колонистите биле спроводници на режимите на стара Југославија. Но не се ретки и примери на роднински врски меѓу месното население и колонистите. како и примери на добрnear соседски односи, што особено се манифестирало од страна на Македонците при испраќањето на колонистите кои биле протерани од окупаторските власти по априлската катастрофа.

Во глава V „Тешкотии и пречки на колонизацијата" прикажани се неповолните услови за колонистите во новата средина, како што биле: неплодно земјиште, сушни области, како и лоши климатски услови за колонистите кои особено страдале од маларија.

Друг вид тешкотии биле комитските акции, особено источно од реката Вардар и по неговата долина, што биле насочени против колонистите.

Како врвна точка на тешкотиите и пречките биле интересите на легалните партии кои шпекулирале со аграрната реформа и колонизацијата, особено пред и во време на изборите за власта, уценувајќи ги подеднакво и колонистите и месното населание.

Инаку, од страна на македонскиот селанец, се јавиле и разни форми на отпор против колонизацијата, што се исто така изнесени во оваа глава.

Делот IV од дисертацијата се состои само од една глава која носи наслов: „Ставот на Комунистичката партија на Југославија спрема колонизацијата на Македонија".

Ставот на КПЈ сосема се разликува од ставот на другите партии по ова прашање. Овој став на КПЈ е сосема доследен како во стара Југославија, така во времето на НОБ, па и по ослободувањето на земјата.

КПЈ се јавува како протагонист на правото за самоопределување на југословенските народи, а против колонизацијата и методите што таа ги спроведува во Македонија.

По ослободувањето, новата народна власт изврши ревизија на колонизацијата во стара Југославија и се покажа дека нешто помалку од 2/3 од земјата била неправилно доделена на колонистите и тоа или како узурпирана од месното население или била доделена на луѓе што биле во служба на противнародните режими, или на лица што сами не ја обработувале туку ја давале под наем на месните селани.

По тој начин се исправени неправдите што со таквата колонизација му се сторени на македонскиот народ.

На крајот на дисертацијата се наоѓаат 5 прилога кои содржат статистички податоци и карти на распоредот на колониите.

*Alexsandre Apostolov*

## LA COLONISATION DANS LE CADRE DE LA REFORME AGRAIRE DE L'ANXCIENNE YOUGOSLAVIE SUR LE TERRITORIE DE LA R. P. DE MACÉDOINE

La thèse de Alexandre Apostolov, sous le titre ci—dessus, soutenue à la Faculté de Philosophie de Skopje, le 2 juin 1962, devant le jury composé de D-r Stevan Jantolek, D-r Andreja Lainović et prof. Ljuben Lapé, est divisée en quatre parties et neuf chapitres. Le premier chapitre est intitulé: Les premières entreprises de la colonisation en Macédoine dans la composition de la propagande nationale de la Serbie, La première proposition de transplanter de la Serbie à Skopje des gens de differents professions fut donnée par Vladimir Karić en 1889. Déjà en 1890 et 1891 sont envoyées à Skopje les premieres familles. Avec le dévoloppement économique de la Serbie, au commencement du XX siècle, on voit surgir aussi des entreprises en Macédoine, tandis que pendant la guerre douanière (1906—1911), la plus grande partie du commerce de transit de la Serbie s'effectue à travers la Macédoine. Dans le chapitre II sont traités les préparatifs de le colonisation de la Macédoine, concernant l'édit du peuplement du 20-II-1914, c'est—à—dire, après la guerre balcanique, lorsque la Macédoine du Vardar est annexée au Royaume Serbe. La Première Guerre Mondaile a embarrassé ces prèparatifs. Dans la II partir, chapitre I, portant le titre: La question nationale et agraire en Macédoine dependant la Première Guerre Mondial, est exposé la conduite du Gouvernement royal serbe qui traité la Macédoine comme une partie de la Serbie. Dans le chapitre II est donné une revue des relations agrariennes sur le territoire du nouvel Etat — Royaume des Serbes, Kroates et Slovènes et le début de la reforme agraire et la colonisation sur la base des édits préliminaires concernant la reforme du 25 II-1919. D'après ces édits préliminaires on prevoit la suspension de toutes les espèces de relations féodales et le partage des grands biens de terre. En même temps on commence la colonisation de la Macédoine avec les familes de toutes les regions de l' Etat. Dans le chapitre I de la III partie sont donnés les sujets et les objets ainsi que les organs de la colonisation. Ici on met en vue le carctère de la colonisation, la conduite des autorités envers la question nationale de Macédoine et le rôle que doit jouer la colonisation en appliquant la dénationalisation et l'assimilation du peuple macédonien.

Les familles colonisées jouisent des privilèges en comparaison avec les gens du pays en recevant des terres deux, même trois fois plus grandes et plus fertiles. La dénationalisation et l'assimilation du peupl macédonien étaient publiquement manifestées par les autorités comme but suprême de la colonisation. La colonisation avait aussi des but stratégique, tandis que les buts économiques étaient sur le deuxième plan. Dans le chapitre IV de la III partie sont exposés les étapes de développement et les resultats de la colonisation. Or jusqu'à la fin de 1940 ont été crées en Macédoine du Vardar 280 colonies avec 4167 familles. La colonisation ne prendra pas fin à cause de la capitulation de i'ancienne Yougoslavie. Ici sont donnés aussi les résultats positifs de la colonisation en général, avec la liquidation des „tchifliks" et le developpement pe l'agriculture dans certains ßiens des colonistes. De même sont donnés les relations entre les colonistes et les gens du pays. Dans le chapitre V sont donnés les difficultés et les obstacles que les colonistes éprouvaient à cause des terrains inconvenables, des influences climatiques, des actes des „comitadjis", des interêts de partis, ainsi que des différentes formes de résistence de la part du peuple macédonien.

Dan la partie IV est exposé la conduite du Parti communiste de Yougoslavie envers la colonisation lors de son application, pendant la Guerre de Libération, de même qu'en Yougoslavie contemporaine. Cette conduite avait ses bases sur les principes de l'égalité de tous les peuples yougoslaves, et en même temps était contre une colonisation pareille, effetuée par l'ancien régime. Cette même conduite a été; appliquée dans les premières années de l'existence de la Nouvelle Yougoslavie, lorsque environ les deux tiers des actes des possession étaient suspendus et la terre de nouveau distribuée aux cultivateurs Macédoniens.